**20151494224**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на земјоделските производи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08- 3898/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ број 140/10, 53/11, 55/12, 106/13 и 116/15), во членот 169 став (1) во воведната реченица зборовите: „15.000 до“ се бришат, а по зборот „лице’’ се додаваат зборовите: „односно трговец поединец’’.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„На одговорното лице во правното лицеодносно трговец поединецпокрај глобата од ставот (2) на овој член ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење определенадолжност во траење до една година.’’.

Член 2

Во членот 169-а став (1) зборовите: „4.000 до“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „500 до“ се бришат.

Во ставот (3) зборовите: „4.000 до“ се бришат.

Член 3

Во членот 170 став (1) во воведната реченица зборовите: „10.000 евра до“ се бришат, а по зборот „лице’’ се додаваат зборовите: „односно трговец поединец’’.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член. “

Член 4

Во членот 171 ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лицеодносно трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице односно трговец поединецза прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 5

Во членот 172 став (1) во воведната реченица зборовите: „500 до 1.000“ се заменуваат со зборовите: „100 до 300“.

Член 6

Во членот 173 став (1) во воведната реченица зборовите: „од 400 “ се заменуваат со зборовите: „од 100 до 200“.

Член 7

Во членот 174 став (1) во воведната реченица зборовите: „од 300“ се заменуваат со зборовите: „од 100 до 150“.

Член 8

Во членот 175 во ставот (2) се менува и гласи:

„Пред поднесување барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, за прекршоците од членовите 169, 170, 171, 172, 173 и 174 од овој закон, државниот инспектор за земјоделство и официјалниот ветеринар спроведуваат постапка на порамнување и издаваат прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоци.’’

По ставот (2) се додаваат четири нови става (3), (4), (5) и (6) кои гласат:

„(3) Државниот инспектор за земјоделство и фитосанитарниот инспектор се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(4) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(5) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.“

(6) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.“

Член 9

По членот 175 се додава нов член 175-а кој гласи:

„Член 175-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.’’

Член 10

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.